# Конкурс за Еразмус+ програмата за мобилности за вработени

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип врз основа на Еразмус+ универзитетски чартер бр. 256492-EPP-1-MK-EPPKA3-ECHE распишува Конкурс за Еразмус+ мобилности и тоа за:

## 1. Мобилности за вработени

Конкурсот е отворен за:

- 5 мобилности за наставнички кадар;
- 4 мобилности за административен кадар.

Селектираните кандидати треба сами да воспостават контакт со институцијата и да добијат писмо за прифаќање.

Мобилноста во високообразовните институции во ЕУ трае најмногу 5 (пет) работни дена. Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу Универзитетот и ЕУ универзитетите).

Критериуми за апликација:

- Право на пријавување имаат сите вработени (наставнички, соработнички и административен кадар) на Универзитет „Гоце Делчев “ – Штип кои не користеле Еразмус + мобилност во последните 2 (две) години;

- Предност имаат кандидатите кои првпат аплицираат на програмата.

Мобилностите по овој Конкурс треба да завршат најдоцна до 31.7.2024 година.

2. Потребни документи кои вработените задолжително ги доставуваат на распишаниот Конкурс за Еразмус+ мобилности се:

- Изјава за вработен;
- Образец за селекција на вработени (наставнички кадар или администрација) за учество во Еразмус+ програмата;
- Mobility Agreement Staff Mobility for Teaching/Training.

Повеќе информации за потребните документи можат да се најдат на овој линк:

http://cmus.ugd.edu.mk/index.html

**Важни информации**

Целата документација треба да биде на македонски јазик. Документите се доставуваат во Канцеларијата за меѓународна соработка или на портирница на Кампус 2 во коверт со назнака:

**Одделение за меѓународна соработка (за Еразмус + конкурс)**

**(Кампус 2)**

**Бул. „Крсте Мисирков“ 10-А, п. фах 201**

**2000 Штип, Р. Македонија**

Документите што ќе бидат поднесени електронски нема да бидат разгледувани.

**Конкурсот е отворен од 15 февруари до 1 март 2024 година.**